# Како да ги поставите безбедносните контроли на социјални мрежи?

Социјалните мрежи се често дел од секојдневниот живот на нашите деца, но тие носат и одредени ризици. Бидете сигурни дека знаете кои безбедносни опции се на располагање:

- **Facebook и Instagram:** Можете да поставите родителска контрола за да го следите времето што вашето дете го поминува на овие платформи, да ги контролирате апликациите и да видите кој ги гледа нивните постови.
- **TikTok:** Системот „Family Pairing“ ви дозволува да поставите ограничувања за времето на екранот, да ги филтрирате несоодветните содржини и да управувате со кој може да коментира на видеата.
- **Snapchat:** Преку Family Centre, можете да видите со кого вашето дете комуницира, да го контролирате безбедносниот статус и да го менувате нивниот пристап до содржини.



***„Социјалните мрежи нудат многу, но исто така се и голем предизвик. Родителските контроли и активната супервизија се клучни.“***

# Дополнителни препораки:

- Безбедно пребарување:
  На Google и други пребарувачи, активирајте „SafeSearch“ за да филтрирате несоодветни содржини како порнографија и насилни материјали.
- Стриминг услуги:
  Услугите како YouTube Kids и Netflix нудат родителска контрола за поставување на време помиато на апликацијата и блокирање на несоодветни видеа.



***„Превенцијата е најдобрата заштита. Поставувањето на родителски контроли не само што ја зголемува безбедноста, туку и ви помага да бидете свесни за активностите на вашите деца.“***

# Општи информации, водич за родителска контрола на интернет

## Како да ги заштитите вашите деца на интернет?



***„Интернет е прекрасен извор на знаење и забава, но исто така носи и ризици. Превенцијата е најдобрата заштита.“***

Во денешниот дигитален свет, интернетот има огромно влијание врз нашите деца. За да им помогнеме да бидат безбедни и да избегнат опасности, потребно е да поставиме соодветни контроли и да ги научиме децата на безбедни навики. Овој леток нуди корисни информации и упатства за родителска контрола на интернет и како да ја зголемите безбедноста на вашето семејство.

# Што е родителска контрола?

Родителска контрола се алатки и софтвери кои ви дозволуваат да го следите и ограничите она што вашето дете го прави на интернет. Со помош на овие контроли, можете да блокирате одредени веб-страници, да поставите време за користење на уредот, да филтрирате несоодветна содржина, и да ги следите активностите на вашето дете.





# Како да поставите родителска контрола на различни уреди?

1. **Wi-Fi мрежа**

Некои рутери за Wi-Fi доаѓаат со вградени опции за родителска контрола кои важат за сите уреди во вашата мрежа. Ова е корисно ако сакате сите уреди да бидат подложни на истите правила. Проверете дали моделот на вашиот ритер ја нуди оваа опција. Ова може да го направите на овицијаната веб-страна на производителот или кај локалниот продавач на уредот.

2. **Компјутери и лаптопи**

***За Windows уреди***, Microsoft Family ви овозможува да блокирате веб-страници, да следите активност и да поставувате ограничувања за време*. ***За Mac OS***, родителските контроли се достапни преку профили кои ви дозволуваат да поставите ограничувања за веб-страници и апликации**.

*https://support.microsoft.com/en-us/account-billing/getting-started-with-microsoft-family-safety-b6280c9d-38d7-82ff-0e4f-a6cb7e659344

**https://support.apple.com/en-mk/guide/-mac-help/mchl8490d51e/mac

3. **Мобилни уреди**

На Apple и Android уреди можете да поставите различни опции за родителска контрола. На пример, за Apple уреди, можете да го ограничите пристапот до веб-страници, социјални медиуми, и апликации за купување.

4. **Конзоли за играње и паметни телевизори**

Секој голем производител на конзоли за играње има своја родителска контрола за која може да се информирате на неговата веб-страна. За паметни телевизори, можете да го исклучите интернет пристапот или да поставите PIN код за ограничување на содржината.

